Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-155/2
17 02 2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-652 од 12.12.2022 година поднесена од [redacted] против Општина Центар и Град Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 16.2.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа сторена од страна на Општина Центар и Град Скопје врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-652/1 од 12.12.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, од страна на Општина Центар и Град Скопје.

Во првичните наводи на претставката, подносителот [redacted] наведува дека заедно со неговата фамилија имаат бугарско, српско и македонско државјанство. Бидејќи во 1993 година во својот хотел го примил првиот бугарски амбасадор во Македонија - [redacted] а подоцна во 2004 година и поранешниот министер за одбрана на Р. Бугарија – [redacted] тој тврди дека со години трпи дискриминација од македонските институции.

Најпрво, смета дека Општина Центар врши дискриминација во поглед на издадена урбанистичка согласност за бесправно изграден објект, заведена под Уп1 бр. 26-445/2012 од 6.4.2015 година за хотелскиот комплекс [redacted] Наведува дека до денес, Општина Центар одбива да постапи по урбанистичката согласност. Всушност, Општина Центар на 9.4.2015 година ја испратиле урбанистичката согласност до Град Скопје со цел да направат пресметка за плаќање на надомест, но Град Скопје до денес нема направено таква пресметка.

Понатаму, Општина Центар донела Заклучок за прекин со Уп1 бр. 26-445/2012 од 25.10.2022 година, во кој наведуваат дека: „во текот на постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект, подносителот има поведено судска постапка пред Основниот граѓански суд Скопје, каде видно од тужбата и од списите доставени кон неа, се работи за земјиште на кое лежи бесправно изградениот објект, предмет на оваа постапка, а исто така тужбата се однесува за истите објекти кои се сега предмет на оваа постапка и со кое завршување е условена постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект пред Општина Центар". Во поглед на ова, од Општина Центар се повикуваат на член 147 став 1 од Законот за општа управна постапка. Сепак, подносителот наведува дека води судска постапка против Општина Центар и Град Скопје уште од 2012 година за стекнување без основ, во врска со комунални доприноси. Дополнително, смета дека Општина Центар нема право да се повикува на гореспоменатиот член од законот заради тоа што доколку се воделе од истиот тој член, воопшто немало да ја издадат урбанистичката согласност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.12.2022 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-652/2 до Општина Центар и Известување за произнесување бр. 08-652/3 до Град Скопје.

До моментот на носење на ова мислење, не беше пристигнат одговор од страна на Град Скопје во врска со испратеното известување. На ден 9.2.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Општина Центар како одговор на претставката.

Во одговорот од Општина Центар се наведува дека тврдењата на подносителот на претставката се неосновани од причина што материјалниот и процесниот закон (Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Законот за општа управна постапка) по кој Општина Центар постапувала и сè уште постапува по барањето за издавање урбанистичка согласност за бесправно изграден објект заведен под Уп1 бр. 26-445/2012 од 6.4.2015 година, не препознаваат селективност при постапување кај странките во постапката по било кој основ. Со цел подетално запознавање со случајот, во прилог беше доставен и одговор од Секторот за урбанизам.

Имено, од Секторот за урбанизам повторно истакнуваат дека тврдењата во претставката се неосновани од истите причини наведени погоре. Дополнително наведуваат дека причината поради која е донесен Заклучокот за прекин со Уп1 бр. 26-445/2012 од 25.10.2022 година била поднесената тужба од страна на [redacted] против Општина Центар, по која Основниот граѓански суд Скопје донел пресуда на 6.10.2021 година преку која го одбил тужбеното барање. Тужбеното барање се однесувало на утврдување на право на ништовност на договор за надоместок за уредување на градежно земјиште бр. 10-9791/3/1 од 22.11.2000 година. Тужителот вложил жалба на првостепената пресуда, па на 16.11.2022 година Апелациониот суд Скопје донел пресуда ГЖ-313/22 со која жалбата на тужителот се одбива како неоснована, а пресудата на Основниот граѓански суд се потврдува.

Од наводите на претставката и одговорот на истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација.

Имено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Поконкретно, Комисијата го ценеше фактот што постапувајќи по барањето за издавање урбанистичка согласност за бесправно изграден објект, Општина Центар не сторила видна повреда на материјалниот и процесниот закон. Имено, со оглед на тоа што поднесена е тужба која се однесува на истите објекти кои се предмет на постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект пред Општина Центар, со завршувањето на судската постапка е условена

постапката пред Општината. Следствено на ова, Комисијата оцени дека дејствијата преземени од страна на Општина Центар и Град Скопје се оправдани и не укажуваат на сторена дискриминација.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на правосудство и управа од страна на Општина Центар и Град Скопје.

Скопје
16.2.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Општина Центар, ул. Михаил Цоков бр. 1, 1000 Скопје